НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU I SHKENCAVE NATYRORE
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 01-244/12
17.06. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРАВИЛНИК

ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАР

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат мерките за заштита од пожари кои организирано се преземаат се со цел заштита на животот и здравјето на луѓето и имотот што можат да бидат загрозени од пожар.

Член 2

Со овој Правилник за заштита од пожари се утврдуваат мерките и работите врзани со спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари, а посебно се пропишува следното:

-мерките за заштита од пожари со кои се отстранува, односно се намалува опасноста од пожари, согласно условите во Музејот,

-организацијата и начинот на вршењето на внатрешната контрола, како и овластувањата и одговорноста на работниците кои ја вршат таа контрола, постапка и начинот на запознавање на работниците при стапување на работа или при распоредување од едно на друго работно место со опасностите поврзани со соодветното работно место, како и начинот на обучување на работниците за учество во гасењето пожари и ракување со уредите, техничката опрема и со средствата за гасење пожари,

- уредите, техничката опрема и средствата за гасење пожари, нивниот распоред и времето на испитување на нивната исправност,

-должностите и одговорноста на раководните и на другите работници во врска со заштитата од пожари, а посебно од настанување и гасење на пожари и

-други прашања и работи кои се уредуваат и организираат во Музејот во врска со заштитата од пожари.

Член 3

Заштитата од пожари се организира и се спроведува во сите одделенија на Музејот, во работните простории и кругот на Музејот, а особено таму каде што постои опасност од настанување на пожар во Музејот.

Член 4

Образованието и другите форми на одлучување на работниците за заштита од пожар се составен дел од стручното оспособување и обучување кое е неопходно за успешно остварување на музејската дејност и нејзината сигурност.

За извршување на работите од работните места кои се поврзани со посебна опасност од пожар, работниците треба да имаат посебни услови за работа и стручна подготовка.

Организацијата и непосредната заштита од пожар се врши брз основа на Планот за заштита од пожари.

Управниот одбор на Музејот донесува План за заштита од пожари.

Член 5

За организацијата и заштитата од пожари и нејзиното успешно функционирање надлежни се: Директорот на Музејот, Управниот одбор, Претседателот на Управниот одбор, одговорните работници на службите, одделенијата, и сите вработени во Музејот.

1.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

Член 6

Мерки за заштита од пожари се утврдуваат и преземаат за отстранување на причините за настанување и ширење на пожарите со цел спасување на луѓето и материјалните добра што можат да бидат загрозени.

За да се спречи настанувањето на пожар и за да се спроведат пожарно-превентивните мерки на Музејот, покрај другото потребно е да бидат утврдени специфичните мерки за заштита од пожар.

Член 7

Музејот е основен носител на работите и задачите за спроведување и унапредување на заштитата од пожар.

Работниците ја обезбедуваат и остваруваат заштитата од пожар поради нивната лична заштита, како и заштитата на имотот и средствата за работа.

Заштитата од пожар во Музејот опфаќа збир на правила и постапки од организационен, технички, образовен и пропаганден материјал кои се преземаат со цел да се спречи настанувањето, ширењето и гасењето на пожарот, како и спасување на луѓето, експонатите и имотот.

Член 8

Сите права и обврски од областа на заштитата од пожари, кои се утврдуваат со овој Правилник се применуваат на сите работници кои се здобиле со својство работник во Музејот, без разлика на времетраењето.

Едукацијата и другите форми на подучување на работниците за заштитата од пожар се составен дел на стручното оспособување и обучување кое е неопходно за успешно остварување на Музејската дејност и нејзината сигурност.

За извршувањето на работите од работните места кои се поврзани со посебна опасност од пожар, работниците треба да имаат посебна стручна подготовка.

II. ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБРСКИТЕ ОД ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Член 9

Одлука за спроведување на одредени права и обврски од ПП заштита во Музејот и за одговорноста на работникот донесуваат:

1. Директорот и Управниот одбор на Музејот;
2. Комисијата за ПП заштита, која ја именува Директорот на Музејот;
3. Синдикалната организација на Музејот.

Управниот одбор на Музејот, како орган за управување ги врши непосредно или посредно преку своите извршни органи следниве работни задачи:

1.Утврдува предлози на одлуки и акти за заштита од пожар;

2.Преку годишната програма ги утврдува заедничките потреби по однос на опремата и средствата за гасење пожар;

3.Се грижи за спроведување и навремено извршување на конечните одлуки донесени од Комисијата за заштита од пожар и другите извршни органи;
4.Донесува општи акти и план за заштита од пожар;
5.Управува со организацијата во поглед на начинот на работата во областа на заштита од пожар;
6.Одлучува за набавка на опрема за гасење пожар, како и обновување на опремата за ПП заштита;
7.Ги разгледува извештаите што ги донесуваат надлежните инспекциски и други органи и донесува одлуки во согласност со барањата на тие органи за заштита од пожар;
8.Најмалку еднаш во годината го разгледува реализирањето на програмата на мерките за заштита од пожар како и извештаите за нивно спроведување;
9.Донесува предлог мерки и План за заштита од пожар.

Управниот одбор на Музејот, особено е одговорен:

- Ако правата и обврските утврдени со овој Правилник и другите акти и законот не ги извршува или ги извршува неуредно;
- Ако донесува одлуки спротивно на утврдените овластувања или донесе одлука која не можела или сторила штета поради настанатиот пожар.

Член 10

Членот од Управниот одбор има право и обврска да го застапува интересот на Музејот и во својата работа мора да се придржува кон насоките на Управниот одбор и другите акти кои се донесуваат за заштита од пожар.

Член 11

3. Комисија за заштита од пожар

Управниот одбор на Музејот именува комисија за заштита од пожар.

Комисијата се состои од претседател и 4 (четири) члена од кои два члена треба да бидат од редот на членовите на Управниот одбор, а претседателот е од членовите на Комисијата (од вработените).

Комисијата се избира на секои 2 години.

Член 12

Комисијата за заштита од пожар ги врши сите должности во врска со ПП заштита и одлучува особено за следните прашања:

1. Обезбедување на потребните средства и опрема;
2. Поставување на соодветна опрема и средства за гасење пожар во одредени простории во Музејот;
3. Подготвува предлог за набавка на опрема за заштита од пожар, за расход и евентуална типизација за одредена опрема и средства;
4. Подготвува програма за опремување со потребните средства за осигурување на безбедност од пожар;
5. Подготвува програма за обучување на работниците за правилно ракување со средствата и опремата за успешна поединечна и организирана интервенција за гасење пожар;
6. Ги разгледува сите предлози на мерки за заштита од пожар, ги поднесува на усвојување на Управниот одбор и се грижи за нивно спроведување;
7. Најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа на Управниот одбор на Музејот, а по однос на одделни проблеми предлага мерки за отстранување на истите;
8. Ги разгледува забелешките и предлозите на работниците во врска со заштитата од пожар и истите со свои констатации ги доставува до надлежните органи.

Член 13

Комисијата за заштита од пожар има право и должност во извршувањето на доделените задачи на работниците и да прибира податоци за состојбата и превентивата на ПП потреби на работните места и работниот објект, за осигурување на правата и обврските од работниците.

Работниците се должни на комисијата за заштита од пожар да и пружат соработка и давање на потребните податоци во врска со претходниот став.

Комисијата за заштита од пожар, еднаш годишно односно еднаш на шест месеци расправа за своите прашања за заштита од пожар и за мерките кои треба да се преземат.

За посебно важни прашања, комисијата може да одржи повеќе состаноци.

4.Основната организација на Синдикатот

Член 14

Синдикалната организација во Музејот може да покренува иницијатива и остварување на правата и обврските и дава предлози и мислења за утврдување и остварување на правата и обврските на работниците во Музејот, а посебно кога се работи за нивната сигурност.

По однос на иницијативата на синдикалната организација во смисла на став 1 и 2 од овој член, претседателот на соодветниот орган е должен таа иницијатива во форма на предлог или мислење да ја изнесе на седницата на Управниот одбор.

Член 15

Директорот на музејот е одговорен за спроведување на мерките за заштита од пожар, согласно одредбите од законот, овој Правилник и други прописи.

Член 16

Директорот на Музејот ги има следните должности:

1. Обезбедува спроведување на одредбите од овој Правилник и програма за мерки за заштита од пожар;
2. На предлог на лицата од претходниот член поднесува барање за одобрување на финансиски средства за заштита од пожар;
3. Врши надзор за спроведувањето на овој Правилник, за која цел издава соодветни налози за одговорните лица во Музејот, а во врска со заштитата од пожар;
4. Поднесува барање за покренување на дисциплинска постапка или утврдување на одговорноста на работникот, кој по своја вина не ги извршува или на друг начин ги прекршува обврските за заштита од пожар;
5. Ја стопира работата на работните места, ако се заканува непосредна опасност по животот на работниците од избувнување на пожар, како и опасност по лицата кои ќе се затекнат во установата;
6. При гасењето на пожарот соработува со командантот, односно раководителот на акцијата за гасење на пожарот, извршувајќи ги неговите наредби, односно налози;
7. Врши и други работи и задачи определени од органите на управувањето, а во согласност со актите на Музејот.

Член 17

Секретарот на Музејот е одговорен за:

1. Да го следи преземањето за заштитни мерки од установата во поглед на заштитата од пожар и предлага правни мерки за отстранување на недостатоците констатирани од надлежните органи;
2. При прием на работник во музејот да го запознае со опасностите и мерките за заштита од пожар;
3. Се грижи за уредно одржување на просториите и уредите што се сметаат за опасни од пожар, како и за инсталацијата, депоата за музејски материјали, како и правилно одржување на ПП опремата.

Член 18

Секретарот на Музејот е должен во рок од 24 часа да поднесе извештај за секоја несреќа при работата, пожар, земјотрес, рушење и друго до Директорот на Музејот.

Член 19

Секретарот на Музејот води записник во кој што ги констатира сите затекнати состојби од страна на извршените контроли и преземените мерки.

Член 20

Секретарот на Музејот соработува со надлежните инспекциски органи, а при нивната контрола во објектот соработува со нив.

За констатирани неправилности, го известува Директорот на Музејот со чија помош се грижи за отстранување на недостатоците.

IV. ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ВРСКА СО ЗАШТИТАТА ОД ПОЖАР

Член 21

Против секоја одлука за правата, обврските и одговорностите во врска со заштитата од пожар, работникот кој смета дека му е повредено некое право по основа на законот или правилникот за заштита од пожар, има право да изјави барање за преиспитување на одлуката за кое конечно одлучува Управниот одбор на Музејот.

Барање за заштита од повредено право во смисла на претходниот став од овој член, работникот поднесува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

Член 22

Секој работник во јавната установа ги има следните права во областа на заштитата од пожар:

1. Да учествува во обезбедувањето на ПП заштита на јавната установа;
2. Да одбие да работи на работни задачи со опасност од пожар кога му се заканува непосредна опасност по животот поради несоодветни заштитни средства;
3. Барање од работодавачот да го запознае со опасностите од пожар на работното место, како и да го оспособи со соодветни мерки за заштита од пожар;
4. Да предлага организација и правила за заштита од пожар, ако тоа води кон унапредување на таа заштита;
5. Да биде известен од директорот за начинот на остварување на своите права од областа на заштита од пожар;
6. Да се стекне со образование и подготовки предвидени со програмата за заштита од пожар во Музејот;
7. Да пријави кај Директорот секаква појава поради која би можело да настане пожар.

5.Обврски и одговорности на работниците

Член 23

Секој работник што работи во јавната установа има обврски од областа на заштита од пожар кон својата установа, останатите работници и општествените средства.

Член 24

Работникот е одговорен доколку по своја вина не ги извршува или на друг начин ги прекршува обврските за заштита од пожар, а се утврдени со закон.

Член 25

Правилникот за заштита од пожар и другите акти на музејот треба да претставуваат обврска на вработените во јавната установа,

Член 26

Материјалната штета настаната од пожар ја утврдува комисија од 3 (три) члена, именувана од страна на Директорот на Музејот.

Членовите на комисијата за процена на штетата треба да имаат познавање од материјата која е предмет на процена како и тоа да се од редот на вработените во музејот.

V. ПОДУЧУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 27

Музејот го обезбедува секој работник, а посебно работниците на работните места со зголемена опасност од пожар. Пред распоредувањето на работата работникот треба да се запознае со опасностите од пожар, а во текот на работата да се води грижа за негово воспитување, во смисла на негова едукација и употреба на знаење од областа на заштитата од пожар.

Член 28

Обуката на работниците за заштита од пожар се состои од практичен и теоретски дел.

Обуката ќе биде спроведена по барање на Музејот од страна на посебни фирми надлежни за спроведување на обуки.

Член 29

Содржината на програмата за обука на работниците од областа на заштитата од пожар зависи од работното место и изворите на опасност од пожар, потребни се следните познавања:

1. За пожарните опасности, општи и посебни кои го загрозуваат работникот и имотот на Музејот;
2. За правата и обврските на работниците на Музејот во врска со заштитата од пожар;
3. Како и на кој начин е организирана заштитата од пожар во Музејот;
4. За правата и обврските на работниците во Музејот за спроведувањето на заштитата од пожар;
5. За опремата и средствата за гасење пожар во Музејот;
6. За спасување на луѓето, за објавување и гасење пожар.

Член 30

Проверката на стекнатото теоретско знаење од областа на заштитата од пожар и извршената обука се врши по пат на тестирање од страна на посебни фирми надлежни за спроведување на обуки.

Проверката се врши само од материјата која е определена со Програмата за обука од областа на заштита од пожар.

VI. ДОЛЖНОСТ НА РАБОТНИКОТ ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

Член 31

Секој работник во Музејот е должен веднаш по забележување на пожарот да го извести Директорот, а потоа и сите вработени, како за пожарот така и за останатите појави во врска со тоа и веднаш да пристапи кон гасење на пожарот.

Истовремено, по телефон се известува за интервенција противпожарната чета.

Непосредно со преземаните потребни дејствија со цел да се гаси пожарот, потребно е да се преземат мерки за спасување на луѓето и имотот на Музејот (експонатите и другите вредни предмети).

Во текот на гасењето на пожарот се преземаат и соодветни мерки за спасување на имото на Музејот.

VII. РАБОТНИ ПРОСТОРИИ СО ЗГОЛЕМЕНА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР

Член 32

Работи и работни задачи со зголемена опасност во смисла на овој Правилник се:

1. Препараторското одделение – присуство на лесно запаливи материјали: картони, дрво, туткал, стиропор и друго;
2. Фото лабораторија;
3. Лабораториите на Музејот;
4. Постојаната поставка;
5. Библиотека – книжен фонд
6. Депоата на музејот.

VIII. НАЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР

1.Начин на најавување на пожар

Член 33

Во сите канцеларии и простории во Музејот да има налепница со бројот за интервентни случаи 112.

Член 34

Лицето кое прво забележало пожар, должно е веднаш да започне со гасење, ако за тоа има можности.

Лицето кое прво забележало пожар, доколку само не успее да го изгаси, должен е веднаш да ја извести ПП службата и да ги повика сите вработени да стапат во акција за гасење пожар.

Член 35

Работниците кои преку обука се оспособени за заштита, штом дознаат за пожарот веднаш оценуваат редослед на мерки и ја известуваат ПП службата, исто така, започнуваат со употреба на сите расположливи средства и опрема како и организирање за гасење на пожарот, барање помош за повредените и др.

Член 36

Раководителот на акцијата за гасење пожар, должен е на местото на пожарот да ги донесе на расположливите ПП апарати.

Директорот на Музејот, како и останатите вработени лица, должни се да се придржуваат до планот за гасење пожар и да се вклучат активно во акцијата.

Член 37

При самото гасење на пожарот веднаш треба да се исклучи електричната инсталација.

Член 38

При настанување на пожар Директорот на установата мора да ја спречи појавата на паника меѓу работниците.

Член 39

Кои средства ќе се користат при гасење на пожарот утврдува раководителот на гасење на пожарот, како и се што е предвидено со планот за гасење на пожар, при што основни правила се:

1.За гасење на запаливи течности и електричните инсталации се употребуваат ПП апарати со сув прашок или јаглероден диоксид;
2.Во други случаи се употребуваат ПП апарати, и вода под притисок.

Член 40

За да се зачува имотот на Музејот, потребно е да се преземат следните мерки:

1. Да се води сметка да се ракува највнимателно со лесно запаливи материјали;
2. Да се одбегнува присуството на вода до материјалите наведени во точка 1 од овој член;
3. Од местото на Музејот загрозени од пожар да се тргнат материјалите кои би можеле да се уништат или оштетат од пожар.

4.ПОСТАПКА ПО ПОЖАРОТ

Член 41

После пожар Музејот во соработка со ПП чета го презема следното:

1.На местото на пожарот осигурува дежурство во траење од неколку часа за спречување на можно повторување на пожарот;
2.Ако пожарот е изгасен во текот на ноќта се продолжува дежурството до разденување;
3.Дежурниот на местото на пожарот треба да е спремен со ПП опрема, средства за гасење пожар и да е оспособен за ракување со ПП опремата.

Член 42

Пред да се пристапи кон расчистување на местото каде што избувнал пожарот во објектот, потребно е да се осигура состојбата на вонпожарна или друга опасност.

IX. ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАР

Член 43

За гасење на пожар во Музејот стојат на располагање рачни ПП апарати, со различен волумен и содржина.

Содржината на рачните ПП апарати се утврдуваат според опасностите на работното место или просторија.

Член 44

За најлесно користење на рачните ПП апарати, потребно е тие да се поставени на следните места:

1. Постојана изложба;
2. Ходници;
3. Тематска изложба;
4. Сала за состаноци;
5. Библиотека;
6. Депоата;

Покрај рачните ПП апарати треба да стои и буре со песок и буре со вода, лопата, копач и кофа.

Во зимските услови во бурето за вода треба да се стави сол за да не замрзне;

Неопходно е полнење на ПП апаратите по истекот на рокот за употреба.

Секој ПП апарат треба да има контролна картица со податоци за полнење и контрола со дата и потпис.

Таблата на која се ставени ПП апаратите треба да е обоена со црвена боја, истото важи и за буриња со вода.

При гасење на пожарот за време на ветер неопходно е млазот да се насочи низ ветерот.

При гасење на површински пожар од течности, облакот на сувиот прав треба во што пократок рок да ја покрие целата површина.

Кај високите предмети гасењето се врши одоздола кон горе со млаз вода во цик-цак линија.

Член 45

Со оглед на ограничената количина на содржината на средството за гасење, рачните ПП апарати мора да се употребат по избувнувањето на пожарот.

Пожарот со рачни ПП апарати се гаси мирно, брзо и опожарената површина треба да се опфати со 2 или повеќе апарати.

Член 46

Према видот и величината на пожарот треба да се избере правиот пат и големината на рачниот противпожарен апарат.

Член 47

Пожари во близината на електричната инсталација, како и пожари на електричните апарати, првенствено со апаратите со јаглероден диоксид.

Член 48

Со цел што поефикасно да се користат хидрантите, потребно е работниците да се придржуваат кон следните правила:

1.Сите хидранти треба да бидат обележани со ознаки;
2.Просторот околу хидрантите треба да се одржува постојано слободен и редовно да се чисти;
3. Билетопродавачите на Музејот треба секојдневно да ја проверуваат состојбата на хидрантите и ПП апаратите;

4.Секретарот секој месец да ја проверува исправноста на хидрантите, а по потреба и да интервенира до соодветната служба;
5.Секој воочено дефект на водоводната мрежа треба веднаш да се отстрани;
6. На местото на главниот вентил на доводот треба да стои ознака доколку има потреба да се регулира притисокот на водата.

Член 49

Забранета е употребата на неисправни или предимензионирани електрични осигурувачи и електрични инсталации.

Осигурувачите и автоматските склопки треба да бидат така димензионирани на проводниците за да не можат да се загреваат.

Покрај секој осигурувач и склопка да се постават натписи со ознака кон кое струјно коло припаѓа осигурувачот или склопката.

Измена на електричните осигурувачи или електрични инсталации и уреди, можат да вршат само стручни електричари.

Член 50

Сите разводни кутии мора да се постојано затворени со наменски направено копче.

Сите метални делови на електричната инсталација и поставувањето треба да се поврзани со заштита за заземјување според постојаните технички стандарди и прописи.

Член 51

За исклучување на електрината струја било по завршување на работата или во случај на итна потреба (пожар) треба да се на пригодни места вградени електричните склопки, со кои инсталацијата на објектите да биде подесена на соодветните одделенија.

Член 52

Најмалку два пати годишно задолжително да се врши детален преглед на сите инсталации и уреди, а најдените недостатоци веднаш да се отстранат.

За секој извршен преглед и испитување на електричната инсталација, испитувачот на работите е должен да изработи писмен наод, од кој ќе се види кои недостатоци се утврдени и што треба да се стори за нивно отстранување.

Електричните инсталации и уреди треба постојано да се одржуваат во исправна состојба во склад со прописите и стандардите.

Член 53

Работи за заварување во просториите со зголемена опасност од пожар можат да се вршат со претходно одобрение од Директорот на Музејот.

Наведениот став се однесува на сите видови заварување.

Член 54

Боците си кислород и дисуплин за заварување во просториите треба да се држат најмалку 5 (пет) метри оддалечени од местото каде се врши заварувањето.

Боците исто така, не смеат да се остават во непосредна близина на термички уреди.

Доколку боците се остават повремено до дворното место заради вршење работа, истите треба да се заштитат од сонце.

Член 55

Се забранува палење на оган и пушење на местата каде се чуваат лесно запаливи материјали, во изложбите и депоата.

Решоа и греалки се употребуваат само со одобрение добиено од Директорот, и смеат да бидат поставени на тврда подлога (камен или мермер).

Член 56

Пред напуштање на работните простории, работниците се должни да го изгасат светлото, да ги проверат решоата. шпоретите, бојлерите и сите други електрични апарати.

Хигиеничарите се задолжуваат пред напуштање на својата работа да ги проверат сите места каде има електрични уреди, вклучително и сите канцеларии.

Сите други работници кои остануваат да работат после работното време во Музејот, должни се ја направат истата проверка од претходниот став.

Член 57

Работниците за обезбедување (Ноќните чувари) со доаѓањето на работа во Музејот вршат детален преглед на административните простории, депоата и постојаните изложби, посветувајќи внимание на електричните уреди.

Член 58

Секое моторно возило пред да се земе во дневна употреба треба да се прегледа поради опасностите од пожар и тоа:

1.Дали резервоарот за гориво е исправен и добро затворен;
2.Дали се исправни електричните инсталации;
3.Дали се исправни проводниците на гориво;
4.Дали има ПП апарат во возилото и дали е исправен.

Прегледот треба да го изврши лицето овластено за возилото и да поднесе извештај кај Директорот.

Член 59

При гаражирањето на возилата треба да се спроведат следните мерки:

1.Да се изврши преглед на гаражата во која не треба да има отпушоци, кибрит, масла или друго ѓубре;
2.Возилото да се гаражира подалеку од лесно запаливи течности и други материи.

Член 60

При работа со возилото на возачот му се забранува:

1.Перење и чистење на возилото (внатре и надвор) со лесно запаливи течности;
2.Чување лесно запаливи течности во возилото;
3.Паркирање на возилото на места кои не се наменети за паркинг;
4.Загревање покрај тапацираните делови, инсталации, гуми и други запаливи предмети.

Член 61

Во случај на пролевање на гориво по возилото, по подот или под возилото треба да се избрише со крпа.

Моторните возила можат да бидат гаражирани со огносигурен објект или на друго обезбедено место, на кое не постои опасност од пожар.

Член 62

При поправка на возилата да се внимава на следните правила:

1.Заварување на возилото или негови делови може да се врши само на овластен сервис за потребата или кога се осигурани услови да не дојде до пожар, поради палење на погонско гориво или уљани мазива;
2.Сите крпи натопени со масло или гориво треба да се соберат во метална канта;
3.Во гаражата не смее да има погонски горива освен горивото во резервоарите на службените возила на Музејот.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Измени и дополнување на овој Правилник се врши на начин и постапка како и при негово донесување.

Толкувањето на одредбите од овој Правилник ги врши Директорот на Музејот.

Член 64

Овој Правилник стапува во сила на осмиот ден од денот на донесување, односно поставувањето на огласната табла на Музејот.

Директор

Ферат Мемети